

# Пејзажот на Кирил ГЕГОСКИ

Концептот на текстот и на изложбата (во поголем обем одржана во НУ МСУ, Скопје 2009/10) беше направен со идеја да се евидентираат придонесите на Кирил Гегоски, кои според сопствената типолошка карактеристика се вклучени во проблемските движења на осмата деценија од 20. век, но и на оние кои ги допираат годините на новиот милениум. Во споменатите издвоени творечко-временски интервали предизвикувачкиот импулс во анализите е насочен кон осознавање на освојувањето на еден отворен широк спектар во неговата работа.

Во 70-те тој понуди варијанта на минималистичка организација на сликата, во која системот на формалната структура директно имплицираше можности за вклопување и на фотографската проекција, додека пред 2000-та веќе го почувствува духот на германскиот експресионизам, користејќи ја поетиката на ослободен гест кој што ја остварува деформацијата на миметичката иконична форма - пејзажот.

Блесокот на делото на Гегоски добива во сопствениот интензитет при сознанието дека тој сепак беше еден од актерите што партиципираа во новонастаната културна атмосфера, поврзана со смислата на сликарскиот медиум во 70-те. Се јави како уметник искрено навлезен во стилот и духот на времето, бидејќи знаеше да ги проследува трендовите. Направениот "радикален" исчекор на Гегоски при крајот на деценијата, на кој што првенствено се фокусирани моите гледања, беше во функција на изнаоѓање поинакви формули на пренесување на рационалниот, во изменети рамки, усвоен реализам. Навлегувањето во "новите сликарски правила" му се најдоа и како неоптоварена проверка, пред сé, на улогата на бојата во просторот, со што најбитно беше да се воспостави ефектот на фините скоро флуидни акварелски, проѕирни лирски пејзажи. Впечатливоста ја оствари скоро на секое дело кое припаѓа на серијата ***Пејзажи*** настаната 1978, поточно 1979 (неколку и на почетокот на 80-те), каде што редуктивниот принцип во пејзажот главно се темелеше врз колоритни асоцијации, со потенцирање на само еден структурален фрагмент.

Околу 2000-та, неговиот скоро две децениски навидум летаргиски однос кон пејзажот се менува и се преориентира кон преиначен шематизам, со понагласена експресија. Едноставната композиција сега резултира со ефекти во кои колористичката иманентност (со зајакнат интензитет), пресудно го осмислува доживувањето на апстрактно асоцијативните целини.

Креативниот од на Гегоски во четиридецениската активност е во знакот на искрената опседнатост со одредбите да се оживее пејзажот на прилепското опкружување, а при тоа да не се испушти комплексноста на постојаното варирање на мотивот. Бавењето со пејзажот покажа дека е нешто многу повисоко од она што е просто третирање на жанрот, којшто нуди бескрајни интерпретации и творечки можности, а во нив постоеше извесна мерка на воопштување. При тоа сликата со неколку битни податоци, со неколку цврсто фиксирани планови на бојата која, во претходнте фази ја одбегнуваше линијата, ги сугерира контурите на планините или на дрвјата, со што тој изгради својствен начин на евоцирање на природата.

**Марика Бочварова Плавевска**

Котрица / **Пејзаж 1**,1981,масло на платно

Изложбата се реализира во рамките на проектот “Кич, да!? / сте или не“ /2010/
и ќе биде поставена низ повеќе градови во Македонија.



**Падини,** 2001, масло на платно



**Пејзаж 1**,1978, масло на платно

**Кририл Гегоски** е роден во Прилеп 1944. Завршил Училиште за применета уметност во Скопје во 1964. Имал над 40 самостојни изложби и учествувал на стоитна групни изложби во земјава и во странство, а добитник е и на повеќе награди.



**Без наслов 1,** 1999, акварел

ДИРЕКЦИЈА ЗА КУЛТУРА И УМЕТНОСТ - СКОПЈЕ
DIRECTORATE OF CULTURE AND ARTS - SKOPJE

MUSEUMOFCO
NTEMPORARY
ARTSKOPJEM
УЗЕЈНАСОВР
ЕМЕНАТАУМЕ
ТНОСТСКОПЈЕ

Министерство за култура

**ДИРЕКЦИЈА ЗА КУЛТУРА И УМЕТНОСТ - СКОПЈЕ**
**DIRECTORATE OF CULTURE AND ARTS - SKOPJE**
Бул."Св.Климент Охридски" 58 б. пошт. фах 519
тел/факс ++ 389 02 31 65 064, 32 22 341, 32 38 372
E-mail:skleto@unet.com.mk